**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 15.01.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 225/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јануари 2026 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

   - **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку:* ***...20 (дваесет)*** *лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 10.12.2025 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) побара од Агенцијата за вработување на РС Македонија да ѝ достави податоци за бројот на вработени во РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

На 17.12.2025 година, Агенцијата за вработување ја извести АВМУ дека *„...согласно евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на регистрирани невработени лица и пријави / одјави во / од задолжително социјално осигурување, за правното лице Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп со ЕМБС 6428622 и ЕДБ 4021008506320, бројот на вработени на* ***11.12.2025 одина изнесува 1****, а на 30.11.2025 година изнесува 19“.*

На 15.1.2026 година, АВМУ обезбеди од Агенцијата за вработување на РС Македонија најнови податоци за бројот на вработени во РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Според нив, *„согласно евиденцијата на регистрирани пријави/одјави во/од задолжително социјално осигурување поднесени до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија заклучно со моментот на издавање на оваа потврда, бројот на вработени во горeспоменатото правно лице на* ***15.12.2025*** *година изнесува* ***1****, а на* ***15.01.2026*** *година изнесува* ***1“***.

**7. Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***